Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето УП1 бр.07-102/15 од 26.10.2017 година на Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроелектрана МХЕЦ „РЕЧАНСКА“ со реф.бр.29 на седницата одржана на 10.11.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата на Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроелектрана МХЕЦ „РЕЧАНСКА“ со реф.бр.29, со евидентен број ЕЕ-249.01.1/15 издадена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со Одлука УП1 бр.07-102/15 од 25.09.2015 година (Службен весник на Република Македонија бр.167/15), престанува по барање на носителот на лиценцата.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје, со седиште на Бул. Јане Сандански бр.113/12 Скопје, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Барање УП1 бр. 07-102/15 од 26.10.2017 година за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроелектрана МХЕЦ „РЕЧАНСКА“ со реф.бр.29.

Причина за поднесување на барањето за престанување на лиценцата е Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-7348/16 од 16.07.2009 година, Договорот за пренос на Договорот за концесија со бр.12-7987/16 од 10.11.2010 година, со Анексот на Договорот за концесија со бр. 12-162/4 од 20.01.2014 година и со Анексот на Договорот за концесија со бр.12-7667/1 од 17.12.2015 година за локација бр. 29 Речанска, на Владата на Република Македонија бр. 44-5978/1 од 19.09.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/17).

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го разгледа барањето на Друштвото за производство на електрична енергија ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје и согласно член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, утврди дека се исполнети условите за престанување на лиценцата.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 07-102/15** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**10.11.2017 година** **Димитар Петров**